| UNIKLAR<br>clarithromycin | филм-обложена таблета<br>14 филм-обложени таблети (блистер 2x7)/кутија<br>500 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | MUSTAFA NEVZAT ILAC SANAYII A.S.<br>РИФАМ доо | **15-10445/04**<br>***од***<br>**31.01.2005** |
| UNIKLAR<br>clarithromycin | прашок за перорална суспензија<br>1 стаклено шише со прашок за припремање на 70 мл<br>125 мг/5 мл | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | MUSTAFA NEVZAT ILAC SANAYII A.S.<br>РИФАМ доо | **15-10448/04**<br>***од***<br>**31.01.2005** |
| UNIKLAR<br>clarithromycin | филм-обложена таблета<br>14 филм-обложени таблети (блистер 2x7)/кутија<br>250 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | MUSTAFA NEVZAT ILAC SANAYII A.S.<br>РИФАМ доо | **15-10446/04**<br>***од***<br>**31.01.2005** |
| UNIKLAR<br>clarithromycin | прашок за перорална суспензија<br>1 стаклено шише со прашок за припремање на 50 мл<br>250 мг/5 мл | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | MUSTAFA NEVZAT ILAC SANAYII A.S.<br>РИФАМ доо | **15-10447/04**<br>***од***<br>**31.01.2005** |
| UNISEF<br>cefepime | прашок и вехикулум за раствор за инјектира<br>1 вијала x 1000 мг +1 ампула x 10 мл вехикулум / кутија<br>1 г | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | MUSTAFA NEVZAT ILAC SANAYII A.S.<br>РИФАМ доо | **15-10449/04**<br>***од***<br>**10.01.2005** |
| VALCYTE<br>valganciclovir | филм-обложена таблета<br>60 филм-обложени таблети во пластичен контејнер/кутија<br>450 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | F.HOFFMANN-LA ROCHE vo sorabotka so PATEON Inc Kanada<br>ПРО МЕДИКА дооел | **15-4205/05**<br>***од***<br>**18.05.2005** |
| VELAFAX<br>venlafaxine | таблета<br>28 таблети (блистер 2 x 14)/сц<br>37,5 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | PLIVA<br>ПЛИВА Дооел | **15-9717/04**<br>***од***<br>**10.01.2005** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| VELAFAX<br>venlafaxine | таблета<br>28 таблети (блистер 2 x 14)/сц<br>75 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (P). | PLIVA<br>ПЛИВА Дооел | **15-9715/04**<br>***од***<br>**10.01.2005** |
| VENOFER<br>saccharated iron oxide | раствор за инјектирање<br>5 ампули x 5 мл/ куитја<br>100 мг/5 мл | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | Lek dd, R.Slovenija vo sorabotka so Vifor International Inc.-Galen, Svajcarija<br>ЛЕК Скопје Лек д.д. Љубљана дооел | **15-5758/03**<br>***од***<br>**31.01.2005** |
| VERAKOL<br>ceftriaxone | прашок и вехикулум за раствор за инјектира<br>1 вијала со прашок x 1г + 1 ампула x 3,5 мл<br>1 г | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | DEMO SA pharmaceutical Industry<br>Мирјам-Медикал | **15-10715-2/04**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VERAKOL<br>ceftriaxone | прашок и вехикулум за раствор за инјектира<br>1 вијала со прашок x 1 г + 1 ампула x 10 мл растворувач<br>1 г | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | DEMO SA pharmaceutical Industry<br>Мирјам-Медикал | **15-10715/04**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VERAKOL<br>ceftriaxone | прашок за раствор за инфузија<br>1 вијала со прашок x 2 г / кутија<br>2 г | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | DEMO SA pharmaceutical Industry<br>МИРЈАМ-МЕДИКАЛ д.о.о. | **15-10716/04**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VERAKOL<br>ceftriaxone | прашок и вехикулум за раствор за инјектира<br>1 вијала со прашок x 250 мг/кутија<br>250 мг | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | DEMO SA pharmaceutical Industry<br>МИРЈАМ-МЕДИКАЛ д.о.о. | **15-10714/04**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VERAPAMIL<br>verapamil | обложена таблета<br>20 обложени таблети / кутија<br>120мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (P). | Replekfarm AD Skopje vo sorabotka so Hemofarm Koncern AD, Vrsac<br>Реплекфарм АД | **15-8242/2**<br>***од***<br>**26.01.2005** |
| VIAGRA<br>sildenafil | филм-обложена таблета<br>4 филм обложени таблети / блистер пакување / кутија<br>50 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (P). | Pfizer PGM<br>АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ | **15-3874/05**<br>***од***<br>**05.05.2005** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| VIAGRA<br>sildenafil | филм-обложена таблета<br>4 филм обложени таблети / блистер пакување / кутија<br>100 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | Pfizer PGM<br>АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ | **15-3872/05**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VIAGRA<br>sildenafil | филм-обложена таблета<br>4 филм обложени таблети / блистер пакување / кутија<br>25 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | Pfizer PGM<br>АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ | **15-3873/05**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VIROLEX<br>aciclovir | маст за око<br>туба со 4,5 г маст/кутија<br>30 мг/1 г | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | KRKA tovarna zdravil dd<br>КРКА - ФАРМА ДООЕЛ | **15-4147/05**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VIROLEX<br>aciclovir | прашок за раствор за инфузија<br>5 вијали/кутија<br>250 мг | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | KRKA tovarna zdravil dd<br>КРКА - ФАРМА ДООЕЛ | **15-4149/05**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VIROLEX<br>aciclovir | крем<br>туба со 5 г крем/кутија<br>50 мг/1 г | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | KRKA tovarna zdravil dd<br>КРКА - ФАРМА ДООЕЛ | **15-4148/05**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VITAMIN B12<br>cyanocobalamin | раствор за инјектирање<br>100 ампули x 1 мл/кутија<br>100 мцг/1 мл | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | KRKA tovarna zdravil dd<br>КРКА - ФАРМА ДООЕЛ | **15-3722/05**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VITAMIN B12<br>cyanocobalamin | раствор за инјектирање<br>100 ампули x 1 мл/кутија<br>500 мцг/1 мл | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | KRKA tovarna zdravil dd<br>КРКА - ФАРМА ДООЕЛ | **15-3723/05**<br>***од***<br>**05.05.2005** |
| VITAMIN C<br>ascorbic acid | таблета<br>30 таблети / блистер пакување / кутија<br>50 мг | Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР) | AD JAKA 80<br>JAKA 80 АД | **15-4020/2-04**<br>***од***<br>**28.01.2005** |
| VITAMIN C<br>ascorbic acid | таблета<br>20 таблети / блистер пакување / кутија<br>500 мг | Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР) | AD JAKA 80<br>JAKA 80 АД | **15-4021/2-04**<br>***од***<br>**28.01.2005** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| VITAMIN C<br>ascorbic acid | таблета<br>250 таблети<br>500 мг | Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР) | ICN FARM AD<br>ИЦН ФАРМ АД | **15-2268/2-05**<br>**од**<br>**23.02.2005** |
| VITAMIN C<br>ascorbic acid | таблета<br>250 таблети / стрип ленти / кутија<br>500 мг | Лекот може да се издава и без лекарски рецепт (БР) | AD JAKA 80<br>ЈАКА 80 АД | **15-4022/2-04**<br>**од**<br>**28.01.2005** |
| VOLUVEN 6%<br>hidroksietil skrob | раствор за инфузија<br>1 PE шише x 500 мл<br>6% | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | FRESENIUS KABI Deutschland GmbH<br>РИФАМ доо | **15-10469/04**<br>**од**<br>**10.01.2005** |
| VOLUVEN 6%<br>hidroksietil skrob | раствор за инфузија<br>1 пластична кеса x 500 мл<br>6% | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | FRESENIUS KABI Deutschland GmbH<br>РИФАМ доо | **15-10470/04**<br>**од**<br>**10.01.2005** |
| VOLUVEN 6%<br>hidroksietil skrob | раствор за инфузија<br>1 пластична кеса x 250 мл<br>6% | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | FRESENIUS KABI Deutschland GmbH<br>РИФАМ доо | **15-10471/04**<br>**од**<br>**10.01.2005** |
| WATER FOR INJECTION<br>aqua ad iniectabilia | вехикулум за парентерална употреба<br>50 PP ампули x 5 мл/кутија<br>5 мл | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | DEMO SA pharmaceutical Industry<br>МИРЈАМ-МЕДИКАЛ д.о.о. | **15-10726/04**<br>**од**<br>**05.05.2005** |
| WATER FOR INJECTON<br>aqua ad iniectabilia | вехикулум за парентерална употреба<br>50 PP ампули x 10 мл / кутија<br>10 мл | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | DEMO SA pharmaceutical Industry<br>МИРЈАМ-МЕДИКАЛ д.о.о. | **15-10727/04**<br>**од**<br>**05.05.2005** |
| XALATAN<br>latanoprost | капки за око, раствор<br>1 пластичен контејнер x 2,5 мл раствор/кутија<br>0.005% | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | Pfizer Manufacturing Belgium NV<br>БетаМедико традинг дооел | **15-2180/05**<br>**од**<br>**28.03.2005** |
| XENICAL<br>orlistat | капсула, тврда<br>21 капсула (блистер 1 x 21)/кутија<br>120 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | ROCHE SpA<br>ПРО МЕДИКА дооел | **15-2172/05**<br>**од**<br>**28.03.2005** |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| XENICAL<br>orlistat | капсула, тврда<br>42 капсули (блистер 2 x 21)/кутија<br>120 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | ROCHE SpA<br>ПРО МЕДИКА дооел | 15-2173/05<br>од<br>28.03.2005 |
| ZAVEDOS<br>idarubicin | прашок за раствор за инјектирање<br>1 вијала / кутија<br>5 мг | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | PHARMACIA&UPJOHN S.p.A.<br>АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ | 15-3869/05<br>од<br>05.05.2005 |
| ZAVEDOS<br>idarubicin | прашок за раствор за инјектирање<br>1 вијала / кутија<br>10 мг | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | PHARMACIA&UPJOHN S.p.A.<br>АЛКАЛОИД КОНС ДООЕЛ | 15-3868/05<br>од<br>05.05.2005 |
| ZEFFIX<br>lamivudine | филм-обложена таблета<br>28 таблети ( блистер 2 x 14) / кутија<br>100 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | Glaxo Wellcome Operations<br>ПРОФАРМ | 15-10507/04<br>од<br>31.01.2005 |
| ZILISTEN<br>cefuroxime | прашок за раствор за инфузија<br>1 вијала x 1.5 г/кутија<br>1500 мг | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | DEMO SA pharmaceutical Industry<br>МИРЈАМ-МЕДИКАЛ д.о.о. | 15-10712/04<br>од<br>05.05.2005 |
| ZILISTEN<br>cefuroxime | прашок за раствор за инјектирање<br>1 вијала x 750 мг/кутија<br>750 мг | Лекот може да се применува само во здравствена организација (З). | DEMO SA pharmaceutical Industry<br>МИРЈАМ-МЕДИКАЛ д.о.о. | 15-10711/04<br>од<br>05.05.2005 |
| ZOCOR<br>simvastatin | филм-обложена таблета<br>28 таблети ( блистер 2 x 14)/кутија<br>20 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | Merck Sharp & Dohme B.V.<br>РЕПЛЕК АД | 15-10515/04<br>од<br>31.01.2005 |
| ZOLAREM<br>alprazolam | таблета<br>30 таблети (блистер 3x10)/кутија<br>0,5 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | AEGIS Ltd<br>ЗЕГИН Д.О.О. | 15--805/05<br>од<br>27.06.2005 |
| ZOLAREM<br>alprazolam | таблета<br>30 таблети (блистер 3x10)/кутија<br>0,5 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | AEGIS Ltd<br>ЗЕГИН Д.О.О. | 15--805/05<br>од<br>27.06.2005 |
| ZOLAREM<br>alprazolam | таблета<br>30 таблети (блистер 3x10)/кутија<br>1 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | AEGIS Ltd<br>ЗЕГИН Д.О.О. | 15-806/05<br>од<br>27.06.2005 |
| ZYMOPLEX<br>tamoxifen | таблета<br>30 таблети ( блистер 3 x 10) / кутија<br>10 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | GENEPHARM S.A<br>Д-Р.ПАНОВСКИ д.о.о. | 15-9648/04<br>од<br>19.01.2005 |
| ZYRTEC<br>cetirizine | филм-обложена таблета<br>10 филм-обложени таблети (блистер 1x10)/кутија<br>10 мг | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | UCB farchim SA-Bulle,[vajcarija vo sorabotka so UCB Pharma SPA-Torino,Italija<br>КЕМО-ФАРМ дооел | 15-24/05<br>од<br>19.01.2005 |
| ZYRTEC<br>cetirizine | перорален раствор<br>1 стаклено шише x 60 мл раствор/кутија<br>1 мг/мл | Лекот може да се издава само со лекарски рецепт (Р). | UCB farchim SA-Bulle,[vajcarija vo sorabotka so UCB Pharma SPA-Torino,Italija<br>КЕМО-ФАРМ дооел | 15-45/05<br>од<br>19.01.2005 |

Бр. 15-3379/1
24 март 2006 година
Скопје

Министер,
проф. д-р **Владимир Димов,** с.р.

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ

**606.**

Врз основа на член 7 став 1, а во врска со член 9 од Законот за ревизија („Службен весник на РМ“ бр. 79/05), министерот за финансии донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ФОРМИРАЊЕ НА СОВЕТ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ И НАДЗОР НА РЕВИЗИЈАТА

1. Во Решението за формирање на Совет за унапредување и надзор на ревизијата („Службен весник на РМ“ бр. 109/05), во точката 1, потточка 3) зборовите „Владимир Стојановски“ се заменуваат со зборовите: „Коста Спасески“.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

Број 11-12364/1 Министер,
5 април 2006 година м-р **Никола Поповски**, с.р.
Скопје

---

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

**607.**

Врз основа на член 47 став 4 од Законот за социјална заштита (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 50/97, 16/00, 17/03, 65/04, 62/05 и 111/05), министерот за труд и социјална политика донесе

### Р Е Ш Е Н И Е
### ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА СТАТУТАРНА ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА СТАТУТОТ НА ЈУ МЕЃУОПШТИНСКИ ЦЕНТАР ЗА СОЦИЈАЛНА РАБОТА КОЧАНИ

1. Се дава согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈУ Меѓуопштинскиот центар за социјална работа Кочани, број 0201-194, донесена од Управниот одбор на Јавната установа, на седницата одржана на 20.02.2006 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен весник на Република Македонија “.

Бр. 10-1608/4 Министер,
13 април 2006 година **Стевчо Јакимовски**, с.р.
Скопје

---

## УСТАВЕН СУД НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**608.**

Уставниот суд на Република Македонија, врз основа на членовите 110 и 112 од Уставот на Република Македонија и член 70 од Деловникот на Уставниот суд на Република Македонија (“Службен весник на Република Македонија” бр.70/1992), на седницата одржана на 5 април 2006 година, донесе

### О Д Л У К А

1. Се поништува член 38-д од Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија” бр. 37/1996, 80/1999, 4/2002, 43/2003, 19/2004 и 81/2005).

2. Се става надвор од сила Решението за запирање на извршување на поединечните акти и дејствија преземени врз основа на Законот означен во точката 1 од оваа одлука.

3. Оваа одлука произведува правно дејство од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

4. Уставниот суд на Република Македонија по иницијатива на Јоаким Илиев од Кочани со Решение У.бр.228/2005 од 22 февруари 2006 година, поведе постапка за оценување на уставноста на членот од Законот означен во точката 1 од оваа одлука, затоа што основано се постави прашањето за неговата согласност со Уставот.

5. Судот на седницата утврди дека според член 38-д од Кривичниот законик повисокиот суд може на барање на сторителот на кривичното дело ако му е изречена казна затвор до една година, да ја замени со парична казна, имајќи ги предвид неговите лични прилики и неговото однесување по стореното кривично дело, степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, како и имотната состојба на сторителот, водејќи притоа сметка за неговите други приходи, за неговиот имот и за неговите семејни обврски.

Изречената казна затвор од ставот 1 не може да се замени со парична казна, доколку сторителот кривичното дело го сторил во поврат.

При заменувањето на изречената казна затвор со парична казна од ставот 1, судот ќе го замени секој ден затвор со парична казна во висина на дневна глоба, при што бројот на дневните глоби за секој ден затвор што се заменува не може да биде помал од 50 дневни глоби.

Паричната казна со која се заменува изречената казна затвор до една година, не може повеќе да се заменува со друга казна.

6. Според член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот, владеењето на правото е една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија.

Принципот на владеење на правото и правната држава се два носечки постулати на уставниот поредок. Со појавата на пишаните устави се втемелуваат овие два принципа како основни начела на уставниот поредок. Оттука, утврдувањето на владеењето на правото како основна темелна вредност на уставниот поредок на Република Македонија значи прифаќање на принципите на модерниот конституционализам. Владеењето на правото и правната држава не оставаат простор за нивно одделување и на теориски и на практичен план.

Воспоставувањето на правен поредок на државата е цивилизациска вредност така што владеењето на правото како една од темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија, истовремено значи конституирање на поредок во кој што правото ќе биде основ за дејствување на сите и секого, вклучувајќи ја и државата.

Тргнувајќи од наведеното, според Судот, во конкретниов случај со оспорената законска одредба се повредува начелото на владеењето на правото. Ова од причина што, според Судот, со оспорената законска одредба се отстапува од целокупниот концепт на казнениот систем регулиран со позитивната законска регулатива.

Имено, во Глава трета на Кривичниот законик, во која е содржана и оспорената законска одредба, во две поглавја со категоријално значење, во една кохерентна целина регулирани се казните и тоа: 1) Целите на казнувањето, видовите казни и услови за нивно изрекување и 2) Одмерување на казната. Со тоа, всушност Кривичниот законик систематски ги разграничил казните различни по својата правна природа и репресивно дејство. Имено, поместувањето на целта на казнувањето на почетокот од регулативата за казните впрочем ја потврдува традицијата на казненото законодавство експлицитно и јасно да изрази што се очекува од казната, што не е цел само за себе, туку е и своевидна правна ориентација на судијата во изборот и одмерувањето на казната.

Не испуштајќи ја од вид природата на казната, кривично правната наука континуирано поставува бројни услови и барања како неопходни карактеристики на современата казна. Токму, под влијание на овие заложби кривичноправните системи и законодавствата на цивилизираните земји прифатиле казна од јавно-правен карактер, пропишана, изречена и извршлива само од надлежен суд.

Согласно членот 32 од Кривичниот законик, покрај остварување на правдата, цел на казнувањето е: 1) спречување на сторителот да врши кривични дела и негово превоспитување и 2) воспитно да се влијае врз другите да не вршат кривични дела.

Од цитираната законска одредба, произлегува заклучок дека непроценливо е значењето на изречно определените цели на казнувањето, не само заради консеквентното дејство на начелото на законитост во ова мошне значајно подрачје, туку и како прв елемент на појдовните основи за судска индивидуализација.

Тежината на делото, како појдовна основа за сразмерна казна не се изразува само низ тежината на последицата од кривичното дело, туку низ вкупноста на објективните и субјективните елементи, од кои особено се значајни начинот на извршување на делото и вината на сторителот, кои јасно и децидно ги утврдува судот во постапка определена со закон.

Согласно член 33 став 1 од Кривичниот законик за кривични дела на кривично одговорните сторители може да им се изречат следниве казни:

1) казна затвор;

2) парична казна;

3) забрана на вршење професија, дејност или должност;

4) забрана на управување со моторно возило, и

5) протерување странец од земјата.

Согласно ставот 2 на членот 33 од истиот законик, казната затвор може да се изрече само како главна казна.

Согласно ставот 3 на членот 33 од Законикот, паричната казна може да се изрече како главна и како споредна казна заедно со казната затвор или со условната осуда со која е утврдена казна затвор.

Согласно член 40 од истиот законик, судот може на сторителот да му одмери казна под границата пропишана со закон или да примени поблаг вид казна кога:

1) законот предвидува дека сторителот може да се казни поблаго или

2) ќе утврди дека постојат особено олеснувачки околности кои укажуваат дека и со ублажената казна може да се постигне целта на казнувањето.

Во членот 41, пак, од Законикот во кој се содржани границите на ублажувањето на казната, се предвидува дека кога постојат услови за ублажување на казната од член 40, судот ќе ја ублажи казната во овие граници ако:

1) за кривичното дело како најмала мерка на казна е пропишана затвор во траење од десет или повеќе години, казната може да се ублажи до пет години затвор;

2) за кривичното дело како најмала мерка на казна е пропишан затвор во траење од осум или повеќе години, казната може да се ублажи до четири години затвор;

3) за кривичното дело како најмала мерка на казна е пропишан затвор во траење од пет или повеќе години, казната може да се ублажи до три години затвор;

4) за кривичното дело како најмала мерка на казна е пропишан затвор во траење од четири или повеќе години, казната може да се ублажи до две години затвор;

5) за кривично дело како најмала мерка на казна е пропишан затвор во траење од три години или повеќе, казната може да се ублажи до една година затвор;

6) за кривично дело како најмала мерка на казна е пропишан затвор во траење од една година или повеќе, казната може да се ублажи до три месеци затвор;

7) за кривичното дело е пропишана најмала мерка на казна затвор под една година, казната може да се ублажи до 30 дена затвор;

8) за кривичното дело е пропишана казна затвор до три години со назначување на најмалата мерка, наместо казна затвор може да се изрече парична казна; и

9) за кривично дело е пропишана парична казна со назначување на најмалата мерка, казната може да се ублажи до општиот законски минимум.

Во ставот 2 од цитираниот член 41 на овој законик се предвидува дека при одлучувањето во која мера казната ќе ја ублажи според правилата од став 1, судот посебно ќе ја има предвид најмалата и најголемата мера на казна пропишана за кривичното дело.

Од содржината на цитираната законска одредба, јасно произлегува дека законодавецот јасно и децидно ги предвидува границите на ублажувањето на казната во рамките на предвидениот минимум на казна. Оттука, логичен е заклучокот дека со оспорената законска одредба всушност се дерогира одредбата од членот 41 од Законикот, односно се нарушуваат темелите на другите институти, предвидени во Кривичниот законик. Токму поради тоа, според Судот, со оспорената законска одредба се повредува темелниот принцип на уставниот поредок од член 8 став 1 алинеја 3 од Уставот - владеењето на правото.

Од анализата на оспорената законска одредба, исто така, според Судот произлегува заклучок дека истата е нејасна и непрецизна и поради тоа што воопшто не е

јасно дали во случајов станува збор за замена на казна затвор изречена со правосилна судска одлука, или истата се уште е во фаза на жалбена постапка, односно дали станува збор за неправосилна пресуда, по која повисокиот суд може да се произнесе по изјавен редовен правен лек (жалба) и во која постапка повисокиот суд во рамките на границите што се пропишани со закон за тоа дело, а имајќи ги притоа во вид кривичната одговорност на сторителот, тежината на делото и целите на казнувањето, ќе му одмери казна на сторителот на кривичното дело. Оттука, неспорен е заклучокот дека тој, судијата, е dominus litis во постапката, и оној кој по законски спроведена постапка врз основа на своето судиско наоѓање и убедување ќе го определи видот на казната, како и висината на истата. Притоа, судот ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или поголема, а особено: степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината на загрозувањето или повредата на заштитеното добро, околностите под кои е сторено делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични прилики и неговото однесување по стореното кривично дело, а посебно водејќи сметка за вкупното дејство на казната и нејзините последици врз можноста и потребите за ресоцијализација на сторителот. Ова се околности кои само судот во контрадикторна постапка во непосреден контакт со сторителот на кривичното дело, може со сигурност да ги провери и утврди и врз основа на нив да го определи видот и висината на казната.

Со Уставот исто така прецизно се дефинирани основните слободи и права на човекот и граѓанинот.

Во рамките на граѓанските и политички слободи и права Уставот, покрај другото, во членот 9 став 1, определува односно утврдува дека граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествена положба, а според ставот 2, граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Од означената уставна одредба произлегува дека Уставот не допушта дискриминација, односно нееднаквост на граѓаните во нивните слободи и права по кој било основ предвиден во оваа уставна одредба.

Тргнувајќи од фактот што паричната казна е санкција од имотен карактер, а од аспект на наводите во иницијативата, Судот утврди дека со оспорената законска одредба се прави разлика меѓу граѓаните по основ на имотна состојба.

Имено, од анализата на оспорената одредба всушност произлегува дека до повисокиот суд барање за замена на изречената казна затвор со парична казна може да поднесат оние сторители на кои им е изречена казна затвор до една година кои се во можност истата да ја платат. Меѓутоа, сторителите кои се со добра имотна состојба на овој начин се доведуваат во привилегирана положба за разлика од оние кои се во лоша односно слаба имотна состојба, со што всушност се нарушува начелото на еднаквост по основ на имотна положба, предвидено во членот 9 од Уставот на Република Македонија.

Имено, еднаквоста како вредносен идеал на демократијата, значи еднаквост на граѓаните пред законите, односно уживање еднаква заштита од законите. Во секое граѓанско општество присутна е и неопходна потребата во општеството да постои еднаквост, бидејќи нееднаквоста раѓа незадоволство. За заштита на човековата слобода, неопходно е обезбедување рамноправност, односно луѓето да бидат еднакви пред правните норми, што според Судот, со решението во оспорената законска норма не се овозможува.

Според Амандманот XXV од Уставот, со кој е заменет членот 98 од Уставот на Република Македонија, судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Забранети се вонредни судови. Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Од содржината на цитираната уставна норма јасно произлегува дека видовите, надлежноста, основањето, организацијата, составот на судовите, како и постапката пред судовите се уредуваат само со закон што е донесен со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, а не и со закон донесен со обично мнозинство, како што е во случајов. Имено, со самото одредување на надлежност на повисок суд, во оспорената законска одредба која е дел од законик кој е донесен со обично мнозинство и кој не ги регулира прашањата за надлежност на судовите, Судот утврди дека оспорената законска одредба не е во согласност со Амандманот XXV точка 1 став 4 на Уставот.

Од наведените причини, според Судот оспорената законска одредба не е во согласност со членот 8 став 1 алинеја 3, член 9 став 1 и Амандман XXV точка 1 став 4 од Уставот на Република Македонија.

7. Врз основа на изнесеното Судот одлучи како во точката 1 од оваа одлука.

8. Оваа одлука Судот ја донесе во состав од претседателот на Судот Лилјана Ингилизова-Ристова и судиите д-р Трендафил Ивановски, Махмут Јусуфи, Мирјана Лазарова Трајковска, Вера Маркова, Бранко Наумоски, д-р Бајрам Положани, Игор Спировски и д-р Зоран Сулејманов.

У.бр.228/2005
5 април 2006 година
Скопје

Претседател
на Уставниот суд на Република
Македонија,
**Лилјана Ингилизова-Ристова**, с.р.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**609.**

Врз основа на член 39, став 3 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр.47/97, 40/99, 98/00, 94/02, 38/03 и 40/05), член 28 од Законот за акцизите ("Службен весник на РМ" бр. 32/01, 50/01, 52/01, 45/02, 98/02, 24/03, 96/04 и 38/05), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност ("Службен весник на РМ" бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03 и 19/04), Законот за животната средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 17.04.2006 година, донесе

**О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА**

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 30,652 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 30,460 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 30,884 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 31,607 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 32,013 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | до 19,335 |
| - М-2 | до 19,310 |

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што:

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | до 69,50 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | до 66,00 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | до 66,50 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | до 56,00 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | до 46,00 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | до 23,464 |
| - М-2 | до 23,435 |

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од потточката "г" и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 69,50 | 68,50 | 68,00 |
| БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 65,50 | 65,00 | 64,50 |
| БМБ - 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 66,00 | 65,50 | 65,00 |
| Д - ДИЗЕЛ | 55,50 | 55,00 | 54,50 |
| ЕЛ - ЕКСТРА ЛЕСНО | 45,50 | 45,00 | 44,50 |

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цените за мазутот М-1 и М-2, важат франко пумпна станица, а цените на мазутот М-1 и М-2 важат франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цените за мазутот М-1 и М-2, содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кој согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 0,150 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 0,080 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 0,080 |
| б) Дизел гориво | ден/лит |
| - Д (ДИЗЕЛ) | 0,030 |
| в) Масло за горење | ден/лит |
| - екстра лесно (ЕЛ) | 0,040 |
| г) Мазут | ден/кг |
| - М-1 (М) | 0,050 |
| - М-2 | 0,050 |

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

| | |
|---|---|
| а) Моторни бензини | ден/лит |
| - МБ-96 (ПРЕМИУМ) | 24,396 |
| - БМБ-90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 21,692 |
| - БМБ-95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 21,692 |

б) Дизел гориво ден/лит
- Д (ДИЗЕЛ) 12,121

в) Масло за горење ден/лит
- екстра лесно (ЕЛ) 3,230

г) Мазут ден/кг
- М-1 (М) 0,100
- М-2 0,100

Член 5

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој пооделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

| НАФТЕН ДЕРИВАТ | (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | ( 2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит | (4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит |
|---|---|---|---|---|
| МБ - 96 (ПРЕМИУМ) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ - 90 (БЕЗОЛОВЕН РЕГУЛАР) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| БМБ- 95 (БЕЗОЛОВЕН ПРЕМИУМ) | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| Д - ДИЗЕЛ | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| ЕЛ - ЕКСТРА ЛЕСНО | 3,200 | 2,776 | 2,353 | 1,929 |
| МАЗУТ М - 1 | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |
| МАЗУТ М - 2 | 0,400 | 0,400 | 0,400 | 0,400 |

Член 6

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од 00,01 часот на 18.04.2006 година.

Бр. 02-596/1 Претседател,
17 април 2006 година **Славе Ивановски,** с.р.
Скопје

---

**610.**

Врз основа на член 39, став 3 од Законот за енергетика ("Службен весник на РМ" бр.47/97,40/99, 98/00, 94/02, 38/03 и 40/05), а согласно член 6 од Тарифниот систем за продажба на природен гас на тарифни потрошувачи ("Службен весник на РМ" бр.94/05) и член 23 и 24 од Правилникот за начин и услови за регулирање на цени за пренос, дистрибуција и снабдување со природен гас ("Службен весник на РМ" бр.94/05), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 17.04.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ПРОДАЖНА ЦЕНА НА ПРИРОДЕН ГАС ВО ВТОРИОТ КВАРТАЛ ОД 2006 ГОДИНА

Член 1

Продажната цена на природниот гас во вториот квартал од 2006 година се определува да изнесува 14,936 ден/ нм$^3$.

Во продажната цена на природниот гас од ставот 1 на овој член, содржани се трошоците сврзани со набавката на природниот гас (набавна цена) во износ од 14,690 ден/ нм$^3$ и цена за трговија и снабдување на тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас во износ од 0,246 ден/ нм$^3$.

Во продажната цена од став 1 на овој член, не е содржана ценатa за пренос и управување со системот за пренос на природниот гас во износ од 2,217 ден/нм$^3$, која тарифниот потрошувач непосредно приклучен на системот за пренос е должен да ја плати за вршењето на овие услуги.

Во продажната цена од став 1 на овој член и во цената за преносот и управување со системот за пренос на природниот гас од став 3 на овој член, не е содржан и данокот на додадена вредност во вкупен износ од 3,088 ден/нм$^3$.

Вкупен надомест кој што треба да го платат тарифните потрошувачи непосредно приклучени на системот за пренос на природен гас по основ на став 1, 3 и 4 на овој член во вториот квартал од 2006 година изнесува 20,241ден/нм$^3$.

Член 2

Продажната цена на природниот гас од членот 1 на оваа одлука е утврдена со примена на просечен продажен курс на САД доларот од 51,7011 денари за еден САД долар.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-597/1 Претседател,
17 април 2006 година **Славе Ивановски,** с.р.
Скопје

---

## СОВЕТ ЗА РАДИОДИФУЗИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

**68.**

Врз основа на член 31, член 37, став 1, точки 5 и 10 и член 78 од Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ" бр. 100/05), а во согласност со членот 9-а од Законот за ратификација на Европската конвенција за прекугранична телевизија и Протоколот за измена на Европската конвенција за прекугранична телевизија ("Службен весник на РМ" бр. 18/2003), Советот за радиодифузија на Република Македонија, на 8-та седница одржана на 7.04.2006 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА ОДОБРУВАЊЕ ЛИСТА НА НАСТАНИ ОД ГОЛЕМО ЗНАЧЕЊЕ ЗА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. Со оваа одлука се одобрува листа на спортски или други настани чие телевизиско емитување се смета дека е од големо значење за населението во Република Македонија и кои задоволуваат најмалку 2 (два) од следниве критериуми:

- настанот и неговиот исход да имаат голем одглас во Република Македонија, а не само за оние кои секојдневно го следат спортот или активностите за кои станува збор;

- настанот да има општо признаена, дистинктивна културна важност за населението во Република Македонија и да содржи елементи на неговиот културен идентитет;

- да ја вклучува националната репрезентација или национален претставник во спортот на некој голем меѓународен турнир;

- настанот традиционално да се емитувал на телевизиските програмски сервиси за кои не се плаќа дополнителен надомест, освен радиодифузната такса, односно основната претплата за приклучок на јавна комуникациска мрежа и да има широка публика во Република Македонија.

2. За настани од големо значење за Република Македонија се сметаат:

- Зимските олимписки игри;

- Летните олимписки игри;

- Квалификациските натпревари што македонската фудбалска репрезентација ги игра, дома или во странство, за пласман на завршницата од Европското првенство во фудбал;

- Натпреварот со кој Европското фудбалско првенство се прогласува за отворено, полуфиналните натпревари, финалниот натпревар и натпреварите во кои учествува македонската фудбалска репрезентација;

- Квалификациските натпревари што македонската фудбалска репрезентација ги игра, дома и во странство, за пласман на завршницата од Светското првенство во фудбал;

- Натпреварот со кој Светското фудбалско првенство се прогласува за отворено, полуфиналните натпревари, финалниот натпревар и натпреварите во кои учествува македонската фудбалска репрезентација;

- Лига на шампиони во фудбал - полуфиналните натпревари, финалниот натпревар и натпреварите во кои учествуваат клубови од Република Македонија;

- УЕФА куп - полуфиналните натпревари, финалниот натпревар и натпреварите во кои учествуваат клубови од Република Македонија;

- Другите натпревари што македонската фудбалска репрезентација ги игра дома и во странство;

- Финалниот натпревар од Купот на Македонија во фудбал;

- Европските купови во ракомет, кошарка и одбојка - полуфиналните и финалните натпревари, доколку во нив учествуваат клубови од Република Македонија, вклучувајќи ги и квалификациските натпревари;

- Европските и светските првенства во ракомет, кошарка и одбојка - полуфиналните и финалните натпревари, доколку во нив учествуваат клубови од Република Македонија, вклучувајќи ги и квалификациските натпревари.

3. Во случај настаните од големо значење наведени во листата од точка 2 од оваа одлука, да се организираат во делови, секој посебен дел од настанот се смета за настан од големо значење.

4. Сите настани од големо значење наведени во листата од точка 2 од оваа одлука, ќе се емитуваат во живо и во целост.

Во случај кога настани од големо значење се одвиваат истовремено или времето на одвивање на настанот паѓа во периодот од 24,00 до 6,00 часот според официјалното време во Република Македонија, тогаш квалификуваните радиодифузери сами ќе одлучат кои од настаните ќе ги емитуваат во живо и во целост, а кои одложено, во вид на снимка.

Одложеното емитување на настанот од големо значење не треба да преминува 24 часа од времето на одвивање на настанот.

Одредбите од оваа точка важат и за случаите предвидени со точка 3 од оваа одлука.

5. Со цел да се заштити правото на пристап на јавноста до настаните од големо значење и да се оневозможи некој радиодифузер, со добивањето исклучиво право на емитување на настанот, да лиши значителен дел од населението од можноста, да го следи настанот, се утврдува дека квалификувани радиодифузери за емитување на овие настани се сите радиодифузери што ги исполнуваат следниве 4 (четири) критериуми:

- со својот сигнал да покриваат најмалку 80% од населението на Република Македонија;

- за нивниот програмски сервис да не се плаќа дополнителен надомест освен радиодифузната такса, односно основната претплата за приклучок на јавна комуникациска мрежа;

- програмскиот сервис да го емитуваат во некодирана форма и

- настаните од големо значење да ги емитуваат на јазикот што го зборува мнозинството од населението во Република Македонија.

6. За оваа одлука ќе биде известен Постојаниот комитет за прекугранична телевизија на Советот на Европа и таа ќе биде објавена во "Службен весник на РМ", во медиумите, во Билтенот и на ВЕБ - страницата на Советот за радиодифузија.

7. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-944/2
7 април 2006 година
Скопје

Совет за радиодифузија
Заменик - претседател,
**Илир Ајдини**, с.р.

---

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

Врз основа на член 17 од Законот за данок на добивка-пречистен текст („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/06) и член 30-з став 1 од Законот за персоналниот данок на доход („Службен весник на Република Македонија" бр. 80/93, 3/94, 70/94, 71/96, 28/97, 8/01, 50/01, 52/01, 2/02, 44/02, 96/04 и 120/05), Државниот завод за статистика ги утврдува и објавува

## КОЕФИЦИЕНТИТЕ ЗА ПОРАСТОТ НА ЦЕНИТЕ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ МАРТ 2006 ГОДИНА

**- претходни податоци-**

1. Месечниот коефициент на порастот на цените на производители на индустриски производи во март 2006 година во однос на февруари 2006 година е -0.006.

2. Коефициентот на порастот на цените на производителите на индустриски производи од почетокот на годината до крајот на месецот е 0.017.

3. Коефициентот на пораст на цените на производители на индустриски производи во март 2006 година во однос на истиот месец од претходната година изнесува 0.044.

Директор,
**Апостол Симовски**, с.р.

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ

## СО ГОЛЕМО НАМАЛЕНИЕ НА ИЗДАНИЈАТА

| Р.бр | Изданија | Цена |
|---|---|---|
| 1 | **Изборен законик,** *2006* | 300,00 |
| 2 | **Закон за стечај,** *2006* *од д-р Кирил Чавдар (со објаснувања, судска практика и предметен регистар)* | 600,00 |
| 3 | **Закон за трговските друштва,** со вовед, *2004* | 500,00 |
| 4 | **Закон за општата управна постапка** (со коментар) *Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | 500,00 |
| 5 | **Кривичен законик** *од проф. д-р Методија Каневчев (со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | 600,00 |
| 6 | **Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | 400,00 |
| 7 | **Закон за работните односи** (редакциска збирка, 2005) | 400,00 |
| 8 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX), 2005* на македонски јазик (тврд повез) мал формат | 150,00 |
| 9 | **Устав на Република Македонија** *(со сите амандмани од I - XXX), 2005* на македонски и на англиски јазик (во една книга), голем формат | 300,00 |
| 10 | **Збирки на прописи од областа на локалната самоуправа,** *2004* | |
| а) | **I книга –** *(Законите за: локална самоуправа; територијална организација на локалната самоуправа; за градот Скопје; финансирањето на единиците на локалната самоуправа и Законот за локалните избори – редакциски пречистен текст).* | 400,00 |
| б) | **II книга –** *(Законите за: комуналните такси; даноци на имот; угостителска дејност; туристичка дејност и Законот за вршење занаетчиска дејност).* | 300,00 |
| в) | **III книга –** *(Редакциски пречистени текстови на Законите за: основното образование; средното образование; заштита на децата и Законот за социјална заштита.* | 350,00 |
| г) | **IV книга –** *(Закон за управување со отпадот, Закон за квалитетот на амбиентниот воздух; Законите за заштита на природата)* | 350,00 |
| д) | **Комплет од четирите книги - Збирки на Законите од областа на локалната самоуправа, 2004, по цена од** | 1.200,00 |
| 11 | **Збирка на прописи (редакциска)** *(Законите за: градење; за просторно и урбанистичко планирање; за животната средина), 2005* | 350,00 |
| 12 | **Збирка на меѓународни конвенции од областа на кривичното право,** *2000* | 100,00 |
| 13 | **Закон за извршната постапка** *Д-р С. Георгиевски, 2002* | 200,00 |
| 14 | **Закон за јавните набавки,** *2004* *(со подзаконските акти)* | 100,00 |
| 15 | **Закон за спречување на корупцијата** *Со Закони за ратификација на конвенции Д-р Ј. Проевски (со објаснувања), 2002* | 100,00 |
| 16 | **Закон за денационализација** (со коментар, објаснувања и обрасци) *Д-р С. Георгиевски, 2000* | 200,00 |
| 17 | **Збирка на прописи од областа на државјанството** *Д-р Ф. Стоев, М-р М. Лазарова – Трајковска, 1998* | 150,00 |
| 18 | **Комплет CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година** | 4.000,00 |
| 19 | **Поединечни CD-ROM изданија 2001, 2002, 2003, 2004 и 2005 година** | 1.000,00 |
| 20 | **Регистар на прописи на РМ** | 3.700,00 |
| 21 | **WEB - базата на прописи од 1945 до денес. www.slvesnik.com.mk** | |

## П О Р А Ч К А БР. 50

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци;

р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци;

р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди" бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ________________________________

**Место:** _________, **ул.** ___________________, **бр.** ______, **тел./факс** ____________

**Потпис на порачателот**

**Во** _________, _______**2006 година.** **(М.П.)** ___________________

# ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РМ ВИ ГИ НУДИ

# СО ГОЛЕМО НАМАЛЕНИЕ ИЗДАНИЈАТА

| Изданија | Цена |
|---|---|
| **1. Изборен законик**, *2006* | **300,00** |
| **2. Закон за стечај,** *2006*<br>*од д-р Кирил Чавдар*<br>*(со објаснувања, судска практика и предметен регистар)* | **600,00** |
| **3. Закон за трговските друштва**<br>со вовед, *2004* | **500,00** |
| **4. Закон за општата управна постапка** (со коментар)<br>*Проф. д-р С. Гелевски, 2005* | **500,00** |
| **5. Кривичен законик**<br>*од проф. д-р Методија Каневчев*<br>*(со кратки упатства, објаснувања и регистар на поимите), 2005* | **600,00** |
| **6. Закон за кривична постапка и Закон за извршување на санкциите (редакциски пречистени текстови)** | **400,00** |
| **7. Закон за работните односи**<br>(редакциска збирка, *2005*) | **400,00** |
| **8. Устав на Република Македонија**<br>*(со сите амандмани од I - XXX), 2005*<br>на македонски јазик (тврд повез)<br>мал формат | **150,00** |
| **9. Устав на Република Македонија**<br>*(со сите амандмани од I - XXX), 2005*<br>на македонски и на англиски јазик (во една книга), голем формат | **300,00** |

## П О Р А Ч К А БР. 50

Со ова неотповикливо ги порачуваме изданијата под реден број _____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр._____ во _____ примероци; р.бр. _____ во _____ примероци.

Доказот за извршена уплата на жиро с-ка 300000000188798 и порачката ги испраќаме по пошта на адреса бул. „Партизански одреди“ бр. 29, п. фах 51, 1000, Скопје, или на телефакс број + 389-2-311-22-67.

**Порачател:** ______________________________________ **Место:** _________,

**ул.** ___________________________, **бр.** _______, **тел./факс** _______________

**Потпис на порачателот**

**Во** ________, ______**2006 година.** **(М.П.)** _____________________



www.slvesnik.com.mk
contact@slvesnik.com.mk

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о.-Скопје
бул. "Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
Директор и одговорен уредник - Борис Тренески.
Телефони: +389-2-3298-860; 3290-471; 3290-449.
Телефакс: +389-2-3112-267.

Претплатата за 2006 година изнесува 9.200,00 денари.
„Службен весник на Република Македонија“ излегува по потреба.
Рок за рекламации 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД - Скопје.
Печат: ЦЕТИС ПРИНТ ДООЕЛ увоз-извоз, Скопје.

ISSN 0354-1622

2006050